**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-207
16.04. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1895/1 од 12.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на албански, македонски и турски јазик, од која половина во периодот од 7:00 до 19:00 часот, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а казнива по член 148 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 13 март 2018 година, не емитуваше најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на албански, македонски и турски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитуваше во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1895/1 од 12.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република

Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 12 април 2018 година, изврши редовен програмски надзор, при што констатираше дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 13 март 2018 година, не емитуваше најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на албански, македонски и турски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитуваше во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

Имено, со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 13 март 2018 година, емитуваше вкупно 21 час програми што влегуваат во пресметка за изворно создадена програма. Од нив, вкупно 9 часа 14 минути и 15 секунди беа изворно создадена програма на албански, македонски и турски јазик, односно 43.99%, а законскиот минимум е 50%.

Половина од законскиот минимум (10:30:00) е 5 часа и 15 минути изворно создадена програма во Република Македонија на албански, македонски и турски јазик, колку што најмалку би требало да биде емитувана на програмата на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 4 часа 46 минути и 1 секунда изворно создадена програма во Република Македонија, што во оваа ситуација е за 28 минути и 59 секунди помалку од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1895/1 од 12.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1895/1 од 12.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое го опоменува Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје и му наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1895/1 од 12.04.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.